ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ДО**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**
**ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА**

**ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ**

Почитувани Врз основа на член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019) е поднесено Барање по електронски пат на имеил, наш бр. 18-1564/1, 27.05.2021г. од Здружение за заштита на животни „ Анима Мунди„ емаил: anima.mundi.sk.mk@gmail.com.

Информацијата што се бараат од страна на барателот е информација од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Листата на информации од јавен карактер бр. 09-204/11, 27.01.2020 донесена од Советот на Општина Крива Паланка.

Барателот со , барањето бара информации за третман на кучиња скитиници во нашата општина и тоа:

1. Целосен извештај за третман на бездомни кучиња за периодот 2014-2017 г. по следниве категории:
   а) број на заловени кучиња
   б) број на стерилизирани кучиња
   в) број на кастрирани кучиња
   г) број на вдомени кучиња
   д) број на кучиња вратени на локација од која биле заловени
   ѓ) број на угинати кучиња
   е) број на еутаназирани кучиња

2. 2. Целосен извештај за кучиња за периодот од 2018 г. до и заклучно со прв квартал на 2021 г. по следниве категории:
   а) број на заловени кучиња
   б) број на стерилизирани кучиња
   в) број на кастрирани кучиња
   г) број на вдомени кучиња
   д) број на кучиња вратени на локација од која биле заловени
   ѓ) број на угинати кучиња
   е) број на еутаназирани кучиња

Бараната информација е од делокругот на работите и надлежноста на Одделението за инспекциски надзор.

Одделението бараната информација да, ја достави до службеното лице за посредување со информации, кое ќе ја достави до барателот согласно законските рокови од ЗСПИЈК („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Прилог: - Копија од барање бр. 18-1564/1 од 27.05.2021г.**

Со почит.

Место и датум : 27.05.2021г.
Крива Паланка

.................................................................

**Службено лице за посредување со информации**
**Лидија Митовска**

.........................................................................

**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Борјанчо Мицевски**

18-1564/3
07.06. 2021


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


До Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
**- Лидија Митовска**
За корисник Здружение за заштита на животни
Анима Мунди - Скопје

ПРЕДМЕТ: Извештај за третман на бездомни кучиња
Врска : Барање за достава на информација ваш бр. 18 -1564/2 од 27.05.2021
по основ на електронско поднесено барање18 -1564/1 од 22.05.2021

Почитувани ,

До Одделението за инспекциски надзор е доставено Ваше барање заверено со арх.бр.18 -1564/2 од 27.09.2021година, а по основ на предходно доставено електронско барање до Вас заведено со арх. бр.18 -1564/1 од 22.05.2021 за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на Здружението за заштита на животни ,,Анима Мунди,, од Скопје со кои се бара од нас како орган кој е овластен за вршење на надзор во врска со заловување на бездомни кучиња и нивен хуман третман , воедно и имател на податоци да ви се достават одредени барани информаци ,кои пак ви ги доставуваме во целост :

(1) . Целосен извештај за третман на бездомни кучиња за периодот 2014- 2017 година по следниве категории:
а).број на заловени кучиња = 0
б).број на стерилизирани кучиња =0
в).број на кастрирани кучиња =0
г). број на вдомени кучиња =0
д).број на кучиња вратени на локација од која биле заловени,=0
ѓ). број на угинати кучиња =0
е). број на еутанизирани кучиња=0

Заклучок : Во предметниот период 2014 -2017 година во општина Крива Паланка **нема** спроведувано заловување и третман на бездомни кучиња.

(2) . Целосен извештај за третман на бездомни кучиња за периодот 2018 година до и заклучно со прв квартал од 2021 година по следниве категории:
а).број на заловени кучиња = 173
б).број на стерилизирани кучиња =51
в).број на кастрирани кучиња =59
г). број на вдомени кучиња =39
д).број на кучиња вратени на локација од која биле заловени,=71
ѓ). број на угинати кучиња =9
е). број на еутанизирани кучиња=54

Општина Крива Паланка
Одделение за инспекциски надзор
Раководител
Ви. инспектор Бранко Велиновски